Македонците и претставниците на македонските заедници од соседните држави на Република Македонија и иселениците од Македонија, на Семакедонскиот собир на тема „Името е идентитет“, во организација на Граѓанската иницијатива за национално, културно и духовно обединување на македонскиот народ НЕ-ИМА од Прилеп, а по повод 142 години од раѓањето на великанот на македонското револуционерно движење Гоце Делчев, на 03 февруари 2014 година, во Прилеп, донесоа:

# ДЕКЛАРАЦИЈА

## за државното име Македонија

(1) Никој и под никакви услови нема право да го промени државното име МАКЕДОНИЈА.

(2) Македонија повторно е суверена држава, Македонците повторно се суверена нација, и тоа повеќе никој и никогаш не може да го смени!

(3) Државното име е идентитетот на нацијата и им припаѓа на сите Македонци од сите делови на Македонија и во целиот свет! Името на македонскиот народ е нераскинливо поврзано со државното име Македонија и обратно!

(4) Македонците од сите делови на Македонија и во целиот свет отфрлаат референдум,промена на Уставот и ратификација на меѓународен договор во Собранието на Македонија со цел промената на државното име Македонија!

(5) Правото на самоопределување и самоидентификација е суверено,неприкосновено и неотуѓиво право на секој човек на земјината топка, па и на Македонците како посебен етнитет и ентитет.

(6) Никој нема право да разговара,договара и склучи меѓународен договор за промена на државното име Македонија. Промената на државното име Македонија, значи трајна промена на името на македонскиот народ и јазик, затоа што по меѓународно право ,името на националноста по автоматизам произлегува од името на државата. Промената на државното име не слобода на говорот и мислата,ниту значи демократија,туку претставува флагрантно кршење на Уставот на меѓународното право, злосторство против човештвотото,геноцид врз народот и најтешко кривично дело велепредавство!

(7) Бараме итен и безусловен крај на разговорите за разликата за државното име со Владата во Атина, и продолжување на членството во Обединатите Нации и во сите меѓународни организации под државното име Македонија,со можност за употреба на уставната додавка “Република“, како јасна разлика од истоимената северна грчка и југозападна бугарска провинција,без латинична транскрипција на македонскиот јазик (Republika Makedonija) туку на англиски јазик “ Republic of Macedonia“, со меѓународниот код МК односно МКД и нотификација на македонскиот народ и македнскиот јазик на англиски јазик “Macedonian people“ и “Macedonian language“, независно од историските хипотеки – окупацијата врз Македонија од Балканските војни 1912-1913 година и геноцидот врз македонскиот народ кој се` уште трае!

(8) Македонците не се ниту антички,ниту словенски,туку само Македонци,во континуитет во време и простор, Македонија е нивна татковина!

(9) Секое продолжување на разговорите за промена на државното име Македонија ги нарушува интегритетот на Македонија и достоинството на македонскиот народ. Промената на државното име Македонија ќе предизвика дестабилизација на Балканот и во Европа! Македонија е единственото решение за македонското прашање и за траен мир и добрососедството во овој дел на Европа!

(10) Имајќи предвид дека Македонскиот јазик и писмо веќе се признати во Организацијата на Обединетите Нации,промената на државното име Македонија ќе го загрози ова веќе признато право,а ќе ги загрози и стекнатите права на Македонците во државите во кои се признати како Македонци.